# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТИ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, затоа што содржи важни информации за Вас**
Овој лек се издава без лекарски рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите Ви се влошат или ако не се подобрат или пак ако имате намера да го употребувате лекот повеќе од 30 дена тогаш мора да појдете на лекар.*
- *Ако некое од овие несаканите дејства стане сериозно или ако забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт.*

**Во ова упатство:**
1. Што претставува лекот Евитол и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете лекот Евитол
3. Како да го земате лекот Евитол
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот Евитол

**Evitol - Евитол обложени таблети 100 mg**
рацемска смеса на α-токоферил ацетат

- *Активна супстанција*: рацемска смеса на α-токоферил ацетат. Секоја обложена таблета содржи 100 mg (100 IU) рацемска смеса на α-токоферил ацетат што е еквивалентно на 67 mg RRR-α-токоферол (витамин Е).
- *Помошни супстанции*: желатин (Е441), лактоза монохидрат, течна глукоза, сорбитол (Е420), глицерол (Е422), колоидна безводна силика, вкус на орев, магнезиум стеарат (Е572), полисорбат 80 (Е433), рицинусово масло и диметил полисилоксан (Е900) во јадрото на таблетата, како и портокалова боја FCF (Е110), црвена боја 4R (Е124), сахароза и фармацевтски восоци (пчелини восоци (Е901), карнауба восок (Е903), шелак (Е904)) во обвивката на таблетата.

Обложените таблети се црвени, округли и биконвексни.
Лекот Евитол е достапен во пакувања од 30 обложени таблети во блистери. Секое пакување содржи 3 блистери со по 10 обложени таблети.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Сервисна зона југ, реон 40, Новопроектирана б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
**Име и адреса на производителот:**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ ЕВИТОЛ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Витаминот Е е антиоксидант кој ја спречува оксидацијата на важните клеточни структури. Се врзува со активните штетни супстанции, како што се слободните радикали кои се создаваат во телото под влијание на внатрешни и надворешни фактори. На тој начин, ги штити клетките од оштетување и го чува нивниот функционален капацитет.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Витаминот Е има позитивно дејство врз целото тело: го подобрува имунитетот, го спречува оштетувањето на крвните садови (васкуларниот систем ) и ги штити од атеросклеротични промени, исто така ја олеснува апсорпцијата на некои други витамини.

Лекот Евитол се препорачува:

- за спречување и лекување на недостаток на витамин Е,
- за состојби при кои е зголемена потребата за витамин Е, како што се:
    - зголемена изложеност на стрес,
    - тежок физички напор

Овој лек не е замена за балансираната и разновидна исхрана.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ ЕВИТОЛ

**Немојте да го земате лекот Евитол:**

- ако сте алергични (хиперсензитивни) на рацемската смеса на α-токоферил ацетат или на некоја од помошните супстанции на лекот Евитол,
- ако лекарот ви кажал дека имате хипервитаминоза Е или нарушена апсорпција на масти.

**Бидете особено внимателни со лекот Евитол:**

- ако земате железо, витамин К или антикоагуланси (лекови кои го спречуваат згрутчувањето на крвта), не се препорачува земање на лекот Евитол,
- ако имате запушување на жолчниот канал, може да се намали апсорпцијата на витамин Е затоа што за неговата апсорпција се потребни жолчните и панкреатичните сокови,
- ако имате шеќерна болест, можете да го земате лекот Евитол но треба да имате во предвид дека секоја таблета содржи 170 mg лактоза, 539.5 mg сахароза, 26.1 mg глукоза и 119 mg сорбитол.

Не се препорачува употреба на лекот Евитол кај деца до 14 годишна возраст.

Пред истовремена употреба со други витамински и витаминско-минерални производи кои содржат витамин Е, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.

Ако симптомите ви се влошат или пак не ви се подобрат или ако имате намера да го употребувате овој лек подолго од 30 дена, советувајте се со лекар.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

**Земање на други лекови со лекот Евитол**

*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Витаминот Е може да ја намали ефикасноста на лекувањето со железо кај болните со анемија. Истовремената употреба на железо го намалува дејството на витамин Е.

Истовремената употреба на високи дози на витамин Е со антикоагуланси (варфарин и супстанции слични на него) го продолжува времето потребно за згрутчување на крвта, особено кај пациенти со недостаток на витамин К.

Немојте да го земате лекот Евитол заедно со естрогени и антикоагуланси затоа што може да се зголеми ризикот за крварење.

Немојте да го земате лекот Евитол заедно со лекови кои се употребуваат за намалување на нивото на масти во крвта (холестирамин, колестипол, орлистат) и парафинско масло затоа што тие ја намалуваат апсорпцијата на витамин Е. Се препорачува да поминат најмалку 2 часа помеѓу земањето на овие лекови и витаминот Е.

**Земање на лекот Евитол со храна или со пијалок**

Лекот Евитол можете да го земате заедно со храна.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Бременост и доење**

*Побарајте совет од Вашиот лекар пред да започнете со земање на било каков лек.*

Поради ограничените податоци за употребата на витамин Е кај бремени жени, не се препорачува самолекување со лекот Евитол за време на бременоста. Витаминот Е преминува во мајчиното млеко, па затоа, не се препорачува самолекување за време на доењето.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**

Не е познато дека овој лек има влијание врз способноста за возење или за ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на лекот Евитол**

Лекот Евитол содржи лактоза, глукоза, сахароза и сорбитол (Е420). Ако вашиот лекар ви кажал дека сте нетолерантни кон некои шеќери, советувајте се со него пред да го земете овој лек.

Азо боите Е110 и Е124 можат да предизвикаат алергиски реакции.

## 3. КАКО ДА ГО ЗЕМАТЕ ЛЕКОТ ЕВИТОЛ

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Ако не сте сигурни, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

Вообичаена доза за возрасни и адолесценти над 14 години е 2 до 3 таблети дневно, кои се земаат за време или по оброкот. Голтнете ја таблетата со чаша вода. За употреба на лекот подолго од еден месец, советувајте се со лекар.

**Ако сте земале поголема доза од лекот Евитол отколку што треба**

*Ако сте земале поголема доза од лекот Евитол, веднаш советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

Иако витаминот Е не е отровен, високите дози (1200 mg дневно) земени истовремено со антикоагуланси го продолжуваат времето потребно за згрутчување на крвта.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот Евитол**

*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*

*Ако имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, така и лекот Евитол може да има несакани дејства иако не кај сите болни.*

Несаканите дејства се многу ретки ако лекот Евитол се употребува како што е препорачано.

| | |
|---|---|
| **Многу чести** | Се јавуваат кај повеќе од 1 на 10 пациенти |
| **Чести** | Се јавуваат кај 1 до 10 на 100 пациенти |
| **Помалку чести** | Се јавуваат кај 1 до 10 на 1.000 пациенти |
| **Ретки** | Се јавуваат кај 1 до 10 на 10.000 пациенти |
| **Многу ретки** | Се јавуваат кај помалку од 1 на 10.000 пациенти |
| **Непознати** | Честотата не може да се утврди од достапните податоци |

Многу ретки:

- проблеми со органите за варење (гадење и гасови) можат да се појават,особено при земање на високи дози,



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

- алергиски реакции кои можат да се манифестираат со исип и чешање.
  Во случај на алергиска реакција, прекинете да ги земате таблетите и советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.

*Доколку некои од несаканите дејства станат сериозни или доколку забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЛЕКОТ ЕВИТОЛ

**Начин на чување**

***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***

Да се чува на температура до 25°C.

Да се чува во оригиналното пакување за да се заштити од влага.

**Рок на употреба**

*Лекот Евитол не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадоците од домаќинството. Прашајте го вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ви се потребни. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**

Лекот може да се издава и без лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ